Окно (https://okno.mk/node/31374)
07.09.2013

# Сета убавина мора да умре!

**Славчо Димитров**




Има една голема тајна за спортот. Многумина не го сакаат. Малкумина играат. Позади нашата привидна екстаза во славењето на спортот се крие единствено презирот кон спортската игра. Овој презир е насочен кон неможноста да се зграпчи, поседува и втемели играта како флуктуација и проток на сензации, движења, релации и потенцијал. Спортскиот фантазам во својата разуларена агресија препознава само еднообразен колективитет и изолирани индивидуи соголени од секаква сензација, интензитет и релација.

Во политичкиот контекст во кој динамичните релации на играчите на спортскиот терен се замрзнуваат во национални икони, во кој колективната трансмисија на потенцијалот за промена се пречекува и фетишизира како победнички трофеј на нацијата, и конкретно-материјалните интеракции и реконфигурации помеѓу телата на спортското поле стануваат екран за фантазматска проекција и апстракција на стварноста на сиромашниот и летаргичен граѓанин, проектот „Сета убавина мора да умре" на Велимир Жерновски се појавува како критички удар врз темелите на заедницата. Стратешкото поставување на серијата цртежи на билборди во централното градско подрачје на Скопје, поставени околу срцевината на 'Скопје 2014', сведочи токму за намерата на ваквиот критички зафат.

„Сета убавина мора да умре" претставува сериозен пресек кој ги демистифицира, иронизира, и отвора кон демократска трансформација затворените темели и насилните претпоставки на денешницата, на нашето бидување заедно, на заедницата и на политичкото. „Сета убавина мора да умре" е потсетник дека нашиот непризнаен страв, нашиот презир кон спортот е слика на нашиот страв и нашиот презир кон политичкото, кон заедницата и кон живеењето заедно, кон промената.




Присвојувајќи ја доминантна иконографија и симболички арсенал на националистичкиот политички проект, спортскиот симболизам кај Жерновски претставува основа за критика на национализмот. Оваа кртитика станува истовремено и: критика на „потрагата по корените“ во далечната антика; критика на маскулинистичката логика инскрибирана во замислувањето на политичкото, но и маскулинизмот како доминантна матрица на уредување и замислување на човековата сексуалност и телесност; критика на погубните идентитетски затворени фиксации на Едното и Истото; на насилството и непрепознавањето на другоста како конститутивна за плурализмот на егзистенцијата.

Насилната сигурност за тоа кои сме и што сме, деструктивната сигурност која дефинира врз основа на претпоставената Вистина како смееме да мислиме, какви релации да градиме, како да ја перципираме стварноста, како да се поврзуваме со светот, и како да го уредиме заедничкото живеење, се трансформираат во проектот на Жерновски во чиста контингенција и случајност, несигурен исход. Соочувајќи нè со никогаш загарантираното решение на заедничкиот живот, „Сета убавина мора да умре“ нè повикува да ги подложиме на иронија и проблематизација нашите темелни претпоставки, како единствен можен пат кон демократска отвореност и плурализам.

Во оваа насока и неслучаен е изборот на Денот на независноста (8 Септември) како временска одредница за поставување на билбордите со цртежите на Велимир Жерновски. Ако прославувањето на Денот на независноста претставува израз на колективно обележување на институирачкиот момент на колективното политичко тело, глорифицирачко повторување на основачкиот и државотворен момент во кој волјата на народот станува едно, и го апстрахира мноштвото како едно и истото во државата, поставувањето на цртежите на Жерновски, во јавниот заеднички простор, на овој ден, претставува критички напор за преиспитување на основните претпоставки на државотворноста и независноста. Перформативното маркирање на Денот на независноста преку инсталацијата на цртежите ги доведува под знак прашалник насилните тактики на претпоставеното Едно и Исто, на сликата на Народот и Нацијата, и го демистифицира насилството коешто е конститутивно за државотворноста, а кое се огледува во исклучувањата кои нужно го следат основоположничкиот момент.




Инкорпорирањето на различни елементи, кои имаат функција на контрапункт и флека во навидум чистиот маскулинистички, спортски национален визуелен материјал, во цртежите на Жерновски ја деконструира полнотијата на националната сегашност (која врз основа на својата слика ги узурпира и минатото и иднината) и ја напукнува, расцепува и поделува фантазматската претпоставка за полнотијата на националната репрезентација. Пукнатините кои Жерновски ги отвора во овие хомогени репрезентации стремат кон отворање на амбивалентноста, многузначноста, парадоксот и плуралноста.

Перформативниот исказ (повторливата изведба на националниот идентитет) во овој проект кој иронично го обележува националното себеконституирање го трансформира и отвора идентитетскиот означувач на Нацијата во пулсирачка, темпорализирана, исторична, минлива, повторлива и репродуцибилна материја чиешто крајно значење е препуштено на сите оние неантиципирани и претходно исклучени субјекти кои ќе ја испеат химната од нивните маргинални позиции и исклучени простори од доминантниот национален наратив. Просторот кој Жерновски го отвора претставува можност за поинаков говор, за поинаква имагинација, за поинакви релации и поделби коишто нема да ги обединат националните знаци во истиот ред, туку ќе ја изместат нацијата во насока на разликата, како поинаква приказна, како поинакво време, како поинаков крај и поинакви лица. Овој повик за пре-раскажување, за одново искажување, претставува можност за нов почеток, а со тоа и нужен услов за гостопримство кон Другиот, имено, за етика и политика ослободена од импулсот на насилството.

Нашето искуство е паланечко. Ова е тешката и неподнослива вистина со која настојува да нè соочи проектот на Велимир Жерновски. Уште помачно станува ова соочување кога исказот се сопоставува со сликата на триумф и екстатичното бакнување на трофејот. Свесниот избор на билборд локација за овој цртеж ѝ дава уште поголема тежина на пораката која ја остава Жерновски. Имено, помеѓу старата железничка станица (симболот на земјотресот) и новоуништениот парк кај хотел Бристол.

Логиката на хероизмот, триумфализмот, фетишизацијата на колективниот конкретно-материјален процес на играта, колективната национална идентификација со поединечната победа, разулареното предавање на компетитивната логика во која едните губат, а другите победуваат, самодопадливото крунисување на машкоста, итн. - сите овие прерогативи во цртежот на Жерновски претставуваат рефлексија на паланечкото искуство и ум.




Паланечкиот дух ги означува хомогенизирачките, унифицирачките, еднообразни и монолитни тенденции на групите и заедниците, обележани преку затворањето и перманентната паника од контаминација и навидум опасниот упад на надворешниот свет, кој во паланечкиот ум е претставен како демонски, хаотичен, израз на лудилото кое виси како закана за рутинизираниот секојдневен живот на паланката и нејзиниот копнеж за невиност. Имунизацијата го заштитува паланечкиот дух од несигурноста, најголемиот пркос на очајниот паланечки стремеж за сигурност, од ексцес, како проточност на виртуелните граници, од промена и трансформација, но и од секаква активност и движење.

Затоа и најголемиот непријател на паланката е историјата. Нејзиниот сон се траењето, вон-временоста и бесконечноста. Нејзиниот стил е секогаш наметнувањето на севажечката, сеприсутна и семоќна универзалност. Таа ја усмртува самата смрт, и претендира на над-смртност, а со тоа и над-граничност. За паланечкиот дух, хероите живеат вечност, бидејќи хероите се обестелеснети слики на паланечкиот дух и слика на нејзиниот стил. Она што умира е само момент, краток прекин во континуитетот и бесконечноста на паланечкото племе.

Смртта го отвора идеално затворениот свет на паланката кон ударот на пропаѓањето и минливоста. За паланечкиот дух искуството на земјотресот, искуството на страдањето, загубите и смртта се само момент кој таа го ритуализира во функција на своето траење и непрекинатост, симбол на паланечкиот триумф во својата непрекината себе-регенерација и вечност оттаде времето. Човековото сообраќање како израз на солидарноста која резултира со колективното, конкретно-материјално градење на заеднички свет, бидува засенето во логиката на севажечкиот колективистички стил на едно-образноста. Трофејот ја заборава ранливоста на поединечностите и го слави племето кое останува, кое истрајува.

Во овој контекст проектот на Жерновски граничи со скандалозното, со логиката на табуто. Обидете се да се сетите кога последен пат сте виделе, во нашето време на рекламирање (време во кое целокупната егзистенцијална несигурност и ранливост капитализмот ја сублимира во очајна потрага по идеалите на бесконечниот живот, младост, континуитет и телесна беспрекорност), билборд во кој сме соочени со болеста, со ранливоста, со смртта. Цртежот кој прикажува „здраво“, силно машко тело, во согласност со современите барања, како свој контрапункт ни се обраќа со култната реплика од филмот Викенд на мртовци: „Сите ќе умрете! Некои после, некои сега!“




Наспроти паланечката тенденција, проектот на Велимир Жерновски настојува да ја разоткрие ранливоста и пропустливоста на секој обид за де-контаминација, имунизација и себе-поседување впишани во основоположувањето на идентитетот и заедницата. Во паланечката логика себе-регенерирањето на истото, неговата имунизација нужно станува авто-имунизација и авто-деструкција. Идентитетскиот перформанс го имплицира повторувањето на насилството, свртено не само кон надворешниот претпоставен непријател, туку и кон сопственото политичко тело, кон внатрешноста на заедничкиот живот, кон сите оние интензитети, желби, тела, гестови и идентитетски формации кои „застрануваат' од присилниот нормален и универзален идентитетски конструкт. „Сета убавина мора да умре" го напукнува себе-циркулирањето на кругот, и укажува дека кругот не е тркалезен, никогаш не е затворен во тоталност, туку секогаш одложен, вечно повратлив во насока на разликата од самиот себе. Она на што нѐ повикува овој проект е да замислиме една поинаква нарација, таква во која исходот на „Ацо! Ќе пукам!" (од Пред дождот) ќе се отвори кон поинакви, ненасилни можности, оттаде самоубиствената логика на „чистата" заедница.

Паланечкиот дух и националната логика во проектот на Велимир Жерновски најпарадигматично се видливи и претставени преку деконструкцијата на маскулинизмот како една од главните структури врз основа на кои се замислува и уредува животот на заедницата, односно политичкото.

Историјата на политичката теорија и практикувањето на политиката ја сместува и нашата денешност во следот на историските слики и конструкции за политиката засновани на историските конструкции на маженственоста. Имено,политичката традиција каква што ја познаваме сведочи за исклучување, негирање, отфрлање и девалвација на телесноста, животот, животните нужности и потреби, емоциите, конструираната женственост, природата и неконтролираното, или пак кон нивно доминирање, потчинување, регулација и контрола. Идеалите коишто ја мобилизираат политичката страст се идеалите на бесмртноста, бесконечноста, трансцендирањето на животот и животните голи потреби, трансцендирањето на смртноста и поврзаноста со природата. Мажествената политичка стварност станува арена во која се трага по бесмртноста претставена преку културните идеали, државата, или нацијата.

Во оваа точка, во проектот на Жерновски се испресекуваат маскулинизмот, доминатната политика и паланечкиот дух. Упоришните точки во кои се среќаваат овие три столба кои се под удар на критиката на Жерновски се независноста, самовластието, неранливоста, обестелеснета рационалност, непрекината континуираност, бесмртноста, емоционалната приватизација и одбивање на афективната зависност од светот на другите.




Проектот на Велимир Жерновски оди чекор понатаму, и ја предизвикува целокупната системска и дискурзивна продукција на идентитетските категории, посебно насочувајќи се кон родовиот идентитетски систем, и маскулинизмот како навидум саморазбирлив и хиерархиски надреден термин во бинарната, исклучувачка и опзициона родова рамка. Распетлувајќи ги лажните претпоставки за есенцијалноста на родовите улоги, Жерновски нѐ соочува со контингентните, нестабилните и постојано отворени процеси на идентификација.

Одбивајќи да го посматра родовиот идентитет како детерминиран од страна на претпоставената генетска или биолошка предиспонираност, Жерновски ја растоварува паланечката хабитуална сигурност на родовото позиционирање. Избришаната историја на перформативна материјализација на родот Жерновски зајадливо ја враќа од маргините на изречливото и видливото, и ги растоварува претпоставените темели на родовиот живот. Стратегијата на „Сета убавина мора да умре“ ја демистифицира наводната само-разбирливост и природност на машкоста во рамки на бинарната логика, во логиката во која доминацијата брише секаков знак прашање упатено кон нејзините темели. Така, машкоста бидува изложена како предмет на истражување и предизвикување. Законот на маскулинистичката, фаличка желба се превртува на глава, со тоа што поседничкиот поглед на мажественоста станува предмет на гледање и испитување, предмет на политизација (преку изложувањето на голото машко тело на билборд Жерновски ја враќа претпоставената приватна сфера на машкото тело во доменот на јавното, политичкото). Барањето за авто-рефлексија на семоќната машкост во погледот и желбата на женската другост се извртува во насока во која машкоста станува предмет на гледање, испитување и можно посакување (женско, како и хомосексуално). Одложената желба во процесот на хомосоцијална идентификација се враќа на сцена и станува можност за егалитарна релација. Во овој контекст, станува можно оженствувањето на мажот, кое во крајна линија, може да се сфати и како повик за култивирање на еден сосема поинаков етхос, етхос на себе-креирањето преку

стратегиите на пречекорување и комбинирање и повлекување линии на движење кои ги пресекуваат и ослободуваат издвоените родови регистри на машкоста и женскоста.

Изборот на Жерновски на разголени машки тела во цртежите ја раздиплува самата телесност како локус на родовиот апаратус на моќ (затоа и изборот на билбордот како медиум за претставување на цртежите). Последната упоришна точка на родовиот систем, телесниот живот и став, бидува подеднакво поткопан, притоа облеката и телото ги заменуваат своите позиции до нејасност, а цртежот нѐ прашува: „Дали сте сигурни дека утрово го облековте вистинскиот пол?“ (Елен Сиксу)




***

Тргнувајќи од претпоставката дека секое (себе)позиционирање во родовиот поредок е високо одредено преку процесите на диференцијација и исклучување помеѓу двете монолитни родови позиции и улоги во родовиот спектрум, Жерновски ја распрснува разликата во непредвидливи буфтаници од можности кои ги дисеминираат идентитетските позиции до агонија.

Жерновски ги искористува пукнатините, секогаш веќе присутни, во маскулинистичката идентитетска самобитност, и ги инкорпорира трагите на исклучениот друг, со што ја дестабилизира истата. Светлото зрачење на розовата боја со која се исцртани и покриени телата на овие хипер-маскулини фигури претставува еден од начините на кои Жерновски ја исфлекува паланечката чистотија на маскулинизмот. Ако хомофобијата историски е тесно поврзана со мизогинијата, розовиот колорит на челичните машки тела ја калеми и исклучената женскост, подеднакво како што ја калеми исклучената хомосексуалност. Розовата колоритна визуализација, на овој начин, станува средство за разоткривање на местото кое го симболизира стравот, срамот, несигурноста, опасноста, заканата и одбиената идентификација на маскулинистичкото тело.

Но, оваа стратегија во проектот на Жерновски оди уште подалеку, со тоа што нејзината функција не е во тесна насока на единствено, текстуално/сликовно преозначување. Искуството кое произлегува од „салоните на отфрлените“, за Жерновски открива нови потенцијали на поврзување, релации, интимност, родови идентификации, бидување заедно и политичка имагинација. Искршените материјални светови и прекинатите релации се материјализираат како историско искуство на ненормативните сексуални идентитети и тела, и како такви ја изнесуваат на виделина конститутивната човечка ранливост и меѓу-зависност. За разлика од маскулинистичката, националистичката и паланечката логика на потиснување, сублимација и негирање на ранливоста, во проектот

на Жерновски ранливоста станува конкретен материјален и телесен индикатор за невозможноста на секоја идеалистичка и идентитетска апстракција, уште помалку на каква било утописка полнотија. Срамот е, неминовно, емоцијата и искуството кое го чини темелот на споделување помеѓу сите оние кои се нашле под ударот на нормативноста и го искусиле насилството на исклучувањето.

Од друга страна, искуствата на сексуално ненормативните малцинства за Жерновски се знак за инвенцијата на иљадници разлики кои никогаш не можат да бидат целосно унифицирани под плаштот на еднозначието и монолитните идентитетски категории, разлики кои се огледуваат во мноштвото имагинации за телесноста, мноштвото сексуални практики, начини на градење интимни релации, потегнувањето на афективни вектори на очудени и ненормативни места и начини итн.

Овие искуства кај Жерновски отвораат простор од кој може да се мисли живеењето заедно на самата граница каде што почнува допирот и сообраќањето со другиот, како место без никаква гаранција, како отвор кон иднина која не може никогаш во целост да биде антиципирана, како почеток на демократијата која е секогаш во доаѓање, никогаш тука, никогаш целосна, никогаш присутна. Политичката имагинација на Велимир Жерновски ја замислува заедницата токму од ова место на кое сите ние сме распетлани еден од друг и каде што сме изложени на ризикот од загуба и распоседнување, местото на релацијата која нѐ чини сите нас фундаментално отаде секој паланечки обид за затворање и финално идентификување на заедничкиот извор и Вистина.

Релацијата е вулканот чијшто ексцес никогаш не може да биде предвиден во целост, тек кој нѐ носи на места кои само можеме да ги сонуваме, но и на места кои никогаш немаме доволно храброст да ги сонуваме, да ги замислиме. Релацијата е процепот на секој политички поредок, неговиот услов и неговиот џелат. Овој процеп е индекс на секогаш нужниот неуспех на секој политички проект и неможноста за абсолутна и бесконечна истоветна себе-регенерација. Во релацијата насира иднината која сѐ уште не е присутна, како единствена можност на сингуларните, уникатните и мноштвени модуси на бидувањето-во-заедница, како единствената можност за демократска ревизија на насилните политички аспирации.

Сета убавина мора да умре!
Сета убавина мора да умре!
Сета убавина мора да умре!
Поинаков свет е возможен!